# СТАВОВИ ЗА ПОДГОТОВКА ЗА ПЕНЗИОНИРАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ ОД ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ОД ПРИВАТНИОТ И ЈАВНИОТ СЕКТОР ОД ПОДРАЧЈЕТО НА СКОПЈЕ

# ATTITUDES FOR PREPARING FOR RETIREMENT OF THE PRIMARY HEALTH CARE WORKERS FROM THE SKOPJE REGION

Искра Геразова-Мујчин[1]

[1] *Сатцом, Скопје, Р. Македонија*

*Автор за коресподенција: Искра Геразова-Мујчин, e-mail: iskra.gerazova@gmail.com*

## Извадок

Подготовката за пензионирање е еден од клучните елементи на транзицијата од периодот на работење во периодот на пензионирање во развиените земји. Цел на трудот: Да се утврдат ставовите за подготовката за пензионирање на здравствените работници од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) од приватниот и јавниот сектор од подрачјето на Скопје. Материјали и методи: Во истражувањето од типот на студија на пресек вклучени се 200 здравствени работници (доктори и медицински сестри/техничари) во претпензиски период (последните пет години од работниот стаж) од подрачјето на Скопје. Испитаниците се поделени во две групи, прва група (ПГ) којашто се состои од 100 здравствени работници од ПЗЗ од приватниот сектор и втора група (ВГ) составена од 100 здравствени работници од ПЗЗ од јавниот сектор, комплементарни по возраст и по должина на работниот стаж на актуелното работно место. Ставовите на испитаниците за подготовката за пензионирање се проценети со пополнување на *Прашалникот за подготвителни активности за пензионирање*. Резултати: Најголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека им е потребна организирана подготовка за пензионирање (81,0% од испитаниците од ПГ, односно 88,0% од испитаниците од ВГ) и дека сегашната подготовка не е доволна (71,0% од испитаниците од ПГ, односно 63,0% од испитаниците од ВГ). Речиси сите испитаници од двете групи (91,0% од испитаниците од ПГ, односно 98,0% од испитаниците од ВГ) не слушнале за изведување на организирани подготвителни активности за пензионирање во нашата држава. Најголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека организираните едукативни програми за пензионирање треба да се изведуваат во последните пет години од работниот век (74,0% од испитаниците од ПГ, односно 84,0% од испитаниците од ВГ) во форма на обука којашто ќе ги опфати сите аспекти од пензионерскиот живот (56,0% од испитаниците од ПГ, односно 65,0% од испитаниците од ВГ). Исто така, најголем број од испитаниците од двете групи (81,0% од испитаниците од ПГ, односно 92,0% од испитаниците од ВГ) сметаат дека организираната обука треба да ја изведуваат стручни лица од одредена област (финансии, здравство, социјални активности и др.). За ниту еден од наведените ставови не е регистрирана статистички значајна разлика помеѓу испитаниците од двете групи.

Заклучок. Резултатите од истражувањето укажуваат на недоволна подготвеност за пензионирање на здравствените работници од двата сектора на ПЗЗ, односно на потребата од организирани подготвителни активности со кои ќе се олесни транзицијата од периодот на вработеност во животниот период што претстои.

Клучни зборови: здравствени работници, јавен сектор, претпензиски период, приватен сектор, подготовка за пензионирање

## Abstract

Preparing for retirement is one of the key elements of transition from the period of active working to the period of retirement in the developed countries. The aim of the study was to assess the attitudes for preparing for retirement of the health care workers (HCW) from private and public sector of the primary care from the Skopje region. Material and methods: We performed a cross-sectional study including 200 HCW (doctors and nurses/technicians) in their pre-retirement period (i.e. the last five years of their employment) from private and public sector of the Primary Health Care (PHC) from the Skopje region. The HCW from private sector (100 examinees) were matched to the HCW from public sector (100 examinees) by age and duration of employment at the actual workplace. The attitudes of the examinees from both groups towards preparing for retirement were assessed by completion of the *Questionnaire for preparing activities for retirement*. Results: Majority of the HCW from private and public sector indicated that they needed preparation activities for retirement (81.0% of the private sector HCW and 88.0% of the public sector HCW) and that they were not satisfied with actual preparing for retirement (71.0% of the private sector HCW and 63.0% of the public sector HCW). In addition, majority of the HCW from private and public sector (91.0% and 98.0%, respectively) had no information about organized preparing/planning activities for retirement in R. Macedonia. Organized educational programs performed in the last five years of the employment including all aspects of the retirement were chosen as the best option for retirement preparation by 56.0% of the private sector HCW and 65.0% of the public sector HCW. Majority of the examinees from both groups thought that the educational programs should be performed by experts of different domains (financial, social, health, etc.). There was no significant difference regarding none of the mentioned attitudes between the HCW from private and public sector. Conclusion: The HCW from both sectors have indicated that preparation activities for retirement are not sufficient, i.e. they indicated a need for organized pre-retirement activities in order to facilitate the period of transition from an active worker to a retired person.


Key words: health care workers, pre-retirement period, preparing for retirement, private sector, public sector

## Вовед

Завршниот период од работниот век и транзицијата на работниците од период на активно работење во пензионирање е едно од најпредизвикувачките прашања кон кои треба да се насочат јавноздравствените работници [1,2]. Со пензионирањето луѓето треба да ги модифицираат или целосно да ги променат своите воспоставени навики и да се ориентираат кон развивање нови животни искуства [3,4].

Истражувања од овој домен се спроведени во повеќе земји во светот, а добиените резултати укажуваат на многу сличности независно од земјата во која се спроведени. Така, во студијата изведена во САД на почетокот од овој век со вработени во јавната администрација[5] се укажува дека вработените кои се неколку години пред пензионирање искажуваат загриженост и збунетост во однос на тоа што можат и мораат да направат во овој период за да се подготват себеси и своето семејство за пензионирањето. Поранешните вработени, актуелни пензионери во периодот на изведувањето на студијата, укажуваат дека овие чувства со тек на времето се зголемуваат, а непосредно пред пензионирањето преминуваат во фрустрации. Како една од основните причини за овие случувања е наведено немањето претпензиска едукациска програма која ќе биде јасна и ќе им дава адекватни информации на идните пензионери. Лимитираниот или неадекватен приход на пензионерите е примарната причина за нивната загриженост, но како важни причини се наведуваат и здравствените и социјалните промени кои се јавуваат со пензионирањето[5,6,7].

Транзицијата од работен однос во пензионирање може да биде трауматично или пријатно доживување онолку колку што идниот пензионер тоа ќе си го дозволи, а потешкотиите од промената можат ефикасно да се избегнат со соодветна подготовка. Иако пензионирањето не доаѓа неочекувано, адаптацијата на нов начин на живот може да биде една од најтешките работи во животот на идниот пензионер и неговото семејство[7]. Намалувањето на приходите, здравствените проблеми, селидбата во помал дом, загубата на брачниот другар и пријателите, отселувањето на децата, учењето да се живее сам, проблемите со превозот, проблемите со контактите со пријателите и другите промени се реалност во животот на пензионерите. Нивното надминување претставува предизвик којшто може ефикасно да се реши со вклучување на сите релевантни општествени фактори[8].

Подготовката на луѓето за пензионирање во некои земји е задолжителна за сите лица во претпензискиот период, а во други земји таа се од-

вива на доброволна основа. Во некои земји оваа подготовка се реализира на државно ниво, а во други земји на ниво на работните организации. Во сите случаи, подготовката за пензионирање се карактеризира со интердисциплинарен и мултисекторски пристап кон проблемот со вклучување на сите аспекти карактеристични за транзицијата на човекот од работно (активно) лице во пензионер [9,10,11].

Во Велика Британија претпензиско здружение кои изведува подготвителни програми за работниците во завршниот период од нивниот работен век постои од 1963 год., а најголемата финансиска поддршка во изведувањето на овие програми ја даваат работодавачите[12]. Во повеќе земји од Европската Унија (ЕУ), исто така, постојат програми за активно стареење во кои важно место имаат претпензиските курсеви како дел од подготовката за пензионирање коишто се состојат од активности поврзани со целите на активното стареење дефинирани од Европската Комисија (ЕК). Овие претпензиски курсеви се поддржани и од Светската здравствена организација (СЗО), а според неа тие претставуваат скратен пат за постигнување на целите на процесот на активно стареење[13].

Здравствените работници претставуваат значаен елемент од работната популација во сите земји во светот, како според нивната бројност, така и според изложеноста на овие работници на сите видови професионални штетности (физички, хемиски, биолошки, психосоцијални и ергономски). Со оглед на изложеноста на бројните професионални штетности во тек на нивната работа, според препораките на СЗО здравствените работници претставуваат вулнерабилна група и тие се одбрани за приоритетна група работници за подобрување на безбедноста и здравјето при работа во Работниот план на СЗО 2009-2012 (Приоритет 1.4)[14]. Во тек на последниве децении во повеќе земји во светот се изведени истражувања со кои се проценува подготвеноста за пензионирање на здравствените работници кои се наоѓаат во завршниот период од својот работен век.

Во Р. Македонија сè уште не се изведуваат организирани подготвителни активности за пензионирањето. Исто така, во нашата држава сè уште не е изведена студија чија цел е истражување на карактеристиките на претпензискиот период и подготвеноста на работниците за пензионирање. Целта на ова истражување е да се утврдат ставовите за подготовката за пензионирање на здравствените работници од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) од приватниот и од јавниот сектор од подрачјето на Скопје кои се наоѓаат во последните пет години од својот работен век.

## Материјал и методи

### Дизајн на истражувањето

Истражувањето од типот на студија на пресек (cross-sectional study) заснована врз прашалник е изведено во периодот од ноември 2014 до април 2015 во соработка со тимот од Институтот за медицина на трудот на Р. Македонија, Скопје – Колаборативен центар на СЗО.

### Примерок на истражувањето

Во истражувањето се вклучени 200 здравствени работници од претпензискиот период од примарната здравствена заштита (ПЗЗ) од подрачјето на Скопје поделени во две групи.

Првата група (ПГ) се состои од 100 здравствени работници од ПЗЗ од приватниот сектор (66 доктори и 34 медицински сестри/техничари, 43 мажи и 57 жени, на возраст од 56 до 64 год.) во претпензиски период (последните пет години пред одење во пензија).

Втората група (ВГ) се состои од 100 здравствени работници од ПЗЗ од јавниот сектор (51 доктор и 49 медицински сестри/техничари, 35 мажи и 65 жени, на возраст од 56 до 65 год.) вработени во јавниот здравствен сектор. Испитаниците од ВГ се комплементарни со испитаниците од ПГ според возраста и должината на работниот стаж на актуелното работно место.

Од сите испитаници добиена е писмена согласност за учество во истражувањето по детално објаснување на неговата цел и начин на изведување.

### Инструмент на истражувањето

Инструмент на истражувањето е *Прашалникот за подготвеност за пензионирање*, којшто сите испитаници го пополнија. Прашалникот е специјално дизајниран за ова истражување, а како модел се користени два стандардизирани и валидизирани прашалника: *Прашалник за перцепциите на различните аспекти од пензионирањето* и *Прашалник за пензионирање* применувани во САД за проценка на ставовите за подготовката на испитаниците за пензионирање [5,15].

*Прашалникот за подготовка за пензионирање* се состои од 13 прашања за демографските карактеристики на испитаниците (пол, возраст, етничка припадност, брачен статус, месечен приход по член на семејство и др.) и 15 прашања за нивните подготвителни активности за пензионирање (мислења и ставови за потребата од подготвителни активности за пензионирањето, начинот и обликот на нивното спроведување, времето во кое треба да се започне со овие активности и др.).

Прашалникот е даден на валидација на седум експерти од оваа област од нашата средина, при што

од нив е добиена позитивна оценка за важноста, разбирливоста и соодветноста на прашањата. Ограничувања на истражувањето се:

- Non-response bias - свесно одбивање на испитаниците за учество во истражувањето и
- Reporting bias - неподготвеност и незаинтересираност на испитаниците за давање точни одговори на поставените прашања.

### Статистичка анализа

Во обработка на добиените податоци применети се следниве статистички методи:

- Анализа на структурата со мерките на централна тенденција (просек, медијана и модус) и мерките на статистичка дигресија (стандардна девијација и стандардна грешка);
- Cronbach's alpha коефициентот за мерење на конзистенцијата внатре во групите;
- Одредување на коефициенти на односи, пропорции и стапки;
- Анализа на односите помеѓу одделните статистички серии со Mann-Whitney *U*- тестот, односно со *t*–тестот за независни примероци.

Статистичката значајност е одредувана за вредност на *P* помала од 0,05. Статистичката анализа е изведена со Statistical Package for the Social Sciences (SPSS), верзија 11.0 за Windows.

## Резултати

Демографските карактеристики на испитаниците од двете групи се прикажани на табелата бр. 1. Најголем број од сите испитаници, како и од испитаниците од ПГ и ВГ (повеќе од 80%) мислат дека им е потребна подготовка за пензионирање (графикон бр. 1).

Околу две третини од сите испитаници, како и од испитаниците од ПГ и ВГ сметаат дека сегашната подготовка за пензионирање на еден работник не е сосема доволна или воопшто не е доволна (табела бр. 2). Не е регистрирана статистички значајна разлика во одговорите за сите четири можности помеѓу испитаниците од ПГ и ВГ. Кај сите испитаници, како и кај испитаниците од ПГ и ВГ регистрирана е статистички значајна разлика во зачесетноста на испитаниците кои сметаат дека сегашната подготовка за пензионирање е повеќе од доволна или доволна во споредба со зачестеноста на оние испитаници кои сметаат дека таа не е сосема доволна или воопшто не е доволна ($p<0,05$).

Во поглед на времето во кое треба да се започне подготовката за пензионирање, најголем број од сите испитаници, како и испитаниците од ИГ и КГ сметаат дека таа треба да започне пет до една година пред пензионирањето (табела бр. 3). Не е регистрирана статистички значајна разлика во зачестеноста на испитаниците од ПГ и ВГ со кој било од четирите изнесени става.

Најголем број од испитаниците од ПГ и ВГ (91,0%, односно 98,0%) не слушнале

за изведување организирани подготвителни активности за пензионирањето во нашата држава. Во исто време, повеќе од половината од испитаниците од ПГ и ВГ (58,0%, односно 65,0%) слушнале за изведување на организирани подготвителни активности во западноевропските земји.

Најголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека организираните подготвителни активности за пензионирањето треба да ги организираат државните институции (табела бр. 4). Зачестеноста на испитаниците од ПГ со овој став е повисока од нејзината зачестеност помеѓу испитаниците од ВГ, но разликата не е статистички значајна ($p>0,05$).

Повеќе од половина од испитаниците од двете групи (56,0% од испитаниците од ПГ, односно 65,0% од испитаниците од ВГ) сметаат дека организираните подготвителни активности за пензионирањето треба да се изведуваат во форма на обука којашто ќе ги опфати сите аспекти од пензионерскиот живот (финансиски, социјален, здравствен и др.). Помал број од испи-

| Карактеристика | | Сите испитаници (n=200) | ПГ (n=100) | ВГ (n=100) |
|---|---|---|---|---|
| Пол | Машки | 73 (36,5%) | 43 (43,0%) | 30 (30,0%) |
| | женски | 127 (63,5%) | 57 (57,0%) | 70 (70,0%) |
| Просечна возраст (години) | | 60,2 ± 2,0 | 59,5 ± 2,3 | 60,9 ± 1,9 |
| Образование | ВСС | 124 (62,0%) | 66 (66,0%) | 58 (58,0%) |
| | ССС | 76 (38,0%) | 34 (34,0%) | 42 (42,0%) |
| Работно место | Доктор | 117 (58,5%) | 66 (66,0%) | 51 (51,0%) |
| | Мед. сестра/техничар | 83 (41,5%) | 34 (34,0%) | 49 (49,0%) |
| Просечен вкупен работен стаж (години) | | 32,9 ± 3,4 | 30,7 ± 2,6 | 35,2 ± 3,9 |
| Просечен работен стаж на актуелното работно место (години) | | 22,6 ± 2,9 | 17,2 ± 1,8 | 28,0 ± 3,7 |
| Просечно време до пензионирање (месеци) | | 35,8 ± 5,1 | 36,2 ± 5,4 | 35,4 ± 4,7 |

**Табела бр. 1.** Демографски карактеристики на испитаниците




**Графикон бр. 1.** Мислење за потребата од подготовка за пензионирање

| Сегашна подготовка за пензионирање | Сите испитаници (n=200) | ПГ (n=100) | ВГ (n=100) |
|---|---|---|---|
| Повеќе од доволна | 5 (2,5%) | 5 (5,0%) | 0 (0%) |
| Доволна | 53 (26,5%) | 30 (30,0%) | 23 (23,0%) |
| Не сосема доволна | 8 (40,5%) | 41 (41,0%) | 40 (40,0%) |
| Воопшто не е доволна | 61 (30,5%) | 24 (24,0%) | 37 (37,0%) |

**Табела бр. 2.** Мислење на испитаниците за тоа дали сегашната подготовка за пензионирање е доволна

| Период пред пензионирањето | Сите испитаници (n=200) | ПГ (n=100) | ВГ (n=100) |
|---|---|---|---|
| 10 или повеќе години | 22 (11,0%) | 18 (18,0%) | 4 (4,0%) |
| Пет години | 84 (42,0%) | 36 (36,0%) | 48 (48,0%) |
| Една година | 74 (37,0%) | 38 (38,0%) | 36 (36,0%) |
| Во тек и непосредно по пензионирањето | 20 (10,0%) | 8 (8,0%) | 12 (12,0%) |

**Табела бр. 3.** Мислења (ставови) на испитаниците за времето кога треба да започне подготовката за пензионирање

| Одговорна организација | Сите испитаници (n=200) | ПГ (n=100) | ВГ (n=100) |
|---|---|---|---|
| Државните институции | 119 (59,5%) | 70 (70,0%) | 49 (49,0%) |
| Организациите во кои што работа | 39 (17,5%) | 13 (13,0%) | 22 (22,0%) |
| Струковните здруженија | 32 (16,0%) | 12 (12,0%) | 20 (20,0%) |
| Струковните синдикати | 2 (1,0%) | 0 (0%) | 2 (2,0%) |
| Здруженијата на пензионери | 10 (5,0%) | 3 (3,0%) | 7 (7,0%) |
| Други организации и здруженија (пр. НВО) | 2 (1,0%) | 2 (2,0%) | 0 (0%) |

**Табела бр. 4.** Ставови за организацијата којашто треба да ги изведува подготвителните активности за пензионирање

таниците од двете групи (42,0% од испитаниците од ПГ, односно 31,0% од испитаниците од ВГ) сметаат дека тие треба да се изведуваат во форма на повремени информативни предавања од одредена област од интерес.

Во поглед на темите кои најмногу ги интересираат, најголем број од испитаниците од двете групи на прво место го ставаат менаџирањето на семејниот буџет (табела бр. 5).

Во поглед на тоа кој треба да ги изведува подготвителни активности, најголем број од испитаниците од двете групи (81,0% од испитаниците од ПГ, односно 92,0% од испитаниците од ВГ) сметаат дека тоа треба да бидат стручните лица од одредена област (финансии, здравство, социјални активности и др.). Многу помал број испитаници од двете групи сметаат дека тоа треба да бидат лица од организациите во коишто работат, лица од пензионерските организации или претставници од синдикатите.

| Тема од интерес | Сите испитаници (n=200) | ПГ (n=100) | ВГ (n=100) |
|---|---|---|---|
| Менаџирање на семејниот буџет | 96 (48.0%) | 39 (39,0%) | 57 (57,0%) |
| Избирање хоби и рекреативни активности | 34 (17%) | 21 (21,0%) | 13 (13,0%) |
| Избирање финансиско инвестирање | 25 (12,5%) | 14 (14,0%) | 11 (11,0%) |
| Лично и семејно здравје | 24 (12,0%) | 13 (13,0%) | 11 (11,0%) |

**Табела бр. 5.** Прворангирани теми од најголем интерес во организираните подготвителни активности изразени во проценти

## Дискусија

Периодот пред пензионирањето, односно последните неколку години од работниот век за вработените претставува период во кој тие се целосно насочени кон размислувања за пензионирањето и понатамошниот тек на својот живот. Подготвителните активности за пензионирањето се релативно нов концепт (последниве три децении) којшто се спроведува во развиените земји, а се состои од организирана едукација и обука на работниците во претпензискиот период чија цел е полесно пребродување на транзицијата од активен работник во пензионер и модифицирање на повеќе аспекти од животот во периодот што претстои.

Во Р. Македонија сè уште нема организирана програма за овој проблем ниту во јавните, ниту во приватните компании и организации. Подготовката за пензионирање се сведува на информациите коишто ги добиваат работниците во претпензискиот период од својот работен век, доколку самите ги побараат. Во оваа студија истражувани се ставовите за подготовките за пензионирање на здравствените работници во претпензискиот период од приватниот и јавниот сектор на ПЗЗ од подрачјето на Скопје.

Најголем број од здравствените работници и од приватниот и од јавниот сектор сметаат дека дека им е потребна организирана подготовка за пензионирање и дека сегашните претпензиски подготвителни активности не се доволни за успешно пребродување на транзисцискиот период. Исто така, најголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека најдобро време за спроведување на организираните подготвителни активности се последните пет години од работниот век. Искуствата од развиените земји (САД, Канада, западноевропските земји, Јапонија и Австралија) од последниве дваесетина години говорат за успешни резултати од организираните подготвителни активности за пензионирање во форма на претпензиска едукација или претпензиски курсеви наменети за различни целни групи работници, а меѓу нив и за здравствените работници [16, 17].

Најголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека организираните подготвителни активности за пензионирањето треба да бидат изведувани од државните институции. Финансирањето и организирањето на овие активности во развиените земји е решено на различни начини. Така, во Велика Британија најголема поддршка во финансирањето на подготвителни претпензиски активности доаѓа од страна на работодавачите, што се должи на напорите на британското претпензиско здружение коешто на почетокот од својата активност иницирало учество на компанијата во неговите активности. Со тоа, британската бизнис заедница го прифатила ставот дека одговорноста на компаниите за животот и активностите на нивните поранешни вработени не престанува со нивното заминување во пензија и исплатата на пензиите[18]. Во други земји во финансирањето и организирањето на подготвителните претпензиски активности се вклучени и други институции и организации, какви што се: владини институции, институциите на локалната заедница, невладини организации, здруженија на работниците и др.

Поголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека организираните подготвителни активности за пензионирањето треба да се изведуваат во форма на обука којашто ќе ги опфати сите аспекти од пензионерскиот живот (финансиски, социјален, здравствен и др.), додека помал број од нив сметаат дека тие треба да се изведуваат во форма на повремени информативни предавања од одредена област од интерес. Програмите кои веќе се применуваат во светот се базираат на повеќе модули коишто ги вклучуваат сите теми кои се важни за индивидуата (на пр. финансии, бенефиции, здравје, социјална заштита и др.), но, исто така, вклучуваат и персонализирани аспекти (на пр. емоционална подготвеност за пензионирањето, вработување на скратено работно време и др.)[19]. Искуствата од земјите каде што се изведуваат овие активности говорат дека повремените информативни предавања само

од одредена област од интерес (на пр. финансии, здравство, социјален живот и др.) не се прифатливи. Имено, доколку се земаат само засебни области од интерес, лицата може да пропуштат клучни работи и да не ја добијат потребната слика за пензионирањето, а тоа да доведе до негативни адаптации што претставува тешкотија за нив самите, како и товар за општеството.

Во поглед на темите кои најмногу ги интересираат, најголем број од испитаниците од двете групи на прво место го ставаат менаџирањето на семејниот буџет. Планирањето на буџетот и финансиите се најважна тема од интерес во подготвителните активности за пензионирање во сите земји во кои тие се изведуваат. Во последниве две децении во САД се актуелни т.н. индивидуални аранжмани за пензионирање (Individual Retirement Arrangements- IRA) коишто претставуваат основни планови за менаџирање на семејниот буџет по пензионирањето. Тие вклучуваат повеќе сегменти (даночен сегмент, заштеди, инвестиции и др.), а прилагодени се за идните пензионери кои работеле на различни работни места[20]. Важен податок од актуелното истражување е тоа што личното и семејното здравје не предизвикува поголем интерес кај идните пензионери, што можеби се должи на нивната сè уште релативно добра здравствена состојба. Во секој случај, би било интересно да се истражат истите испитаници пет години по пензионирањето и да се утврди дали има некакви промени во приоритетите.

## Заклучок

Добиените резултати укажуваат дека најголем број од здравствените работници од ПЗЗ, и од приватниот и од јавниот сервис, сметаат дека им е потребна организирана подготовка за пензионирање и дека сегашната подготовка не е доволна. Исто така, најголем број од испитаниците од двете групи сметаат дека организираните подготвителни активности за пензионирање треба да се изведуваат во последните пет години од работниот век во форма на обука којашто ќе ги опфати сите аспекти од пензионерскиот живот. За ниту еден од наведените ставови не е регистрирана статистички значајна разлика помеѓу испитаниците од двете групи. Добиените резултати укажуваат на потребата од организирани подготвителни активности со мултидисциплинарен и интерсекторски пристап со кои ќе се олесни транзицијата од периодот на вработеност во животниот период што претстои.

## Референци:


1. Ladson D, Bienenfeld D. Delayed Reaction to Trauma in an Aging Woman 2007. Available from: http://innovationscns.com/delayed-reaction-to-trauma-in-an-aging-woman/ (пристапено18.02.2016).
2. Tasman A, Kay J, Lieberman J. Psychopathology across the life cycle. In: Tasman A, Kay J, Lieberman J, editors. Psychiatry.2nd ed. Hoboken, NJ: Wiley; 2003. 68-9.
3. Barnett I, Van Sluijs E, Ogilvie D, et al. . Changes in household, transport and recreational physical activity and television viewing time across the transition to retirement: longitudinal evidence from the EPIC-Norfolk cohort. J Epidemiol Community Health 2014;68:747–53.
4. Jonsson H, Josephsson S, Kielhofner G. Narratives and experience in an occupational transition: a longitudinal study of the retirement process. Am J Occup Ther 2001; 55: 424–32.
5. Bellamy D. Running head: Providing a pre-retirement education program. Executive development: Providing a Pre-Retirement Education program to Employees of the North Naples Fire Control& Rescue District, 2007:6,7.
6. Swoboda DW. A survey of the perceptions of pre- retired older workers in selected businesses toward various aspects of retirement with implications for pre- retirement education"(dissertation), University of Nebraska, 1974:13.
7. Preparing for retirement.United nations office on drugs and crime. UNODC. IAEA Austria, 2002. Pre-retirement seminar Available from: https://www.unodc.org/hrsa/staff_assistance/pdf/retirement/retirementfolder.pdf (пристапено 12.02.2016).
8. Vontress EC. Adult Life Styles: Implications for Education. Adult Leadership 1970; 19 (1): 223-228.
9. Your Public Service Pension and Benefits. Government of Canada. Available from: http://pensionetavantages-pensionandbenefits.gc.ca/ (пристапено на 12.02.2016).
10. Public Works and Government Services Canada. Government of Canada. Available from: http://www.tpsgc-pwgsc.gc.ca/ (пристапено на 12.02.2016).
11. Office of Human Resources at the National Institutes of Health (USA). Retirement, last reviewed on November 9, 2015. Available from: http://hr.od.nih.gov/Benefits/retirement/ (пристапено на 12.08.2014).
12. Wright HB. Health in the third age: Pre-retirement Programmes. International Labour Organization, United Nations. Available from: http://www.ilo.org/oshenc/part-ii/health-protection-a-promotion/item/152-health-in-the-third-age-pre-retirement-programmes/ (пристапено на 14.02.2016).
13. Pre-Retirement Counselling. A shortcut to Active Ageing. The final report from a Partnership under the EU Llifelong Learning Programme, Aarhus. Berlin, Iraklion, Milan, Warsaw. Grundtvig Programme, 2012.
14. WHO Work Plan 2009-2012. WHO Global Network of Collaborating Centres in Occupational Health. Available from: www.who.int/occupational_health (пристапено 14.02.2016).
15. Swoboda DA. Survey of the perceptions of pre-retired older workers in selected businesses toward various aspects of retirement with implications for pre- retirement education. (dissertation), University of Nebraska, 1974:54.

16. Health, Ageing and Retirement in Europe. First Results from the Survey of Health, Ageing and Retirement in Europe. Mannheim Research Institute for the Economics of Aging (MEA), 2005.
17. Age- platform Europe. Pre Retirement Courses: A shortcut to active ageing - and the best answer to the demographic challenge in EU. Pre-Retirement Courses Denmark. Available from: http://www.age-platform.eu/images/stories/Pre_Retirement_Courses_Denmark (пристапено 02.02.2016).
18. Rechel B, Doyle Y, Grundy E, McKee M. Policy brief 10. How can health systems respond to population aging? WHO-Europe, World Health Organization 2009 and World Health Organization, on behalf of the European Observatory on Health Systems and Policies 2009, 2009:24.
19. Pre-Retirement Planning Course. University of California, Berkeley. Available from: http://retirement.berkeley.edu/prp (пристапено 02.02.2016).
20. US Department of labor. Publication developed by the U.S. Department of Labor, Employee Benefits Security Administration (EBSA). What You Should Know About Your Retirement Plan. Available from: http://www.dol.gov/ebsa/publications/wyskapr.html (пристапено 02.02.2016).